Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 77 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 24 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од седумдесет и седмата седница на Државната изборна комисија**

Седумдесет и седмата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 24 март 2014 година ( понеделник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 16:10 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 74 – та Седница на ДИК одржана на 19.03.2014 година, Записникот од 75 – та Седница на ДИК одржана на 20.03.2014 година и Записникот од 76 – та Седница на ДИК одржана на 21.03.2014 година;**
**2.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**3.Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**4.Разгледување на дописот од Управата за водење на матични книги,во врска со Заклучокот од 75- тата Седница на Државната изборна комисија;**
**5.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Словачка, Амбасадата на Народна Република Кина, Амбасадата на Република Црна Гора, Амбасада на Република Косово, Амбасада на Шведска и Канцеларија за врски на Република Грција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**
**6. Предлог Обрасци за Парламентарните избори 2014 година: Образец број 16, Образец број 21, Образец број 16 гс/1 и Образец број 21 гс/1;**
**7.Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**
**8.Заклучување на Избирачкиот список за спроведување на изборите за избор на Претседател на Република Македонија и**
**9.Разно**

Се отвори расправа по предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 77 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 74 – та Седница на ДИК одржана на 19.03.2014 година, Записникот од 75 – та Седница на ДИК одржана на 20.03.2014 година и Записникот од 76 – та Седница на ДИК одржана на 21.03.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори расправа по Записниците од 74-тата, 75-тата и 76-тата Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записниците беа ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 74 – та Седница на ДИК одржана на 19.03.2014 година, Записникот од 75 – та Седница на ДИК одржана на 20.03.2014 година и Записникот од 76 – та Седница на ДИК одржана на 21.03.2014 година.**

**Точка 2:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи за точката 2 и **Точка 3:Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;** поради тоа што се непосредно поврзани, како и на претходната Седница, да се води заедничка расправа, а ќе се одлучува за секоја точка одделно.Даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по овие точка од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека има Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК, а кои се од стручните служби обработени за овие два дена. Бројот на позитивните решенија е 1944 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е вкупно 22 од кои 6 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со ѕвездичка и немаат приложено докази а 16 лица ги нема во Избирачкиот список. Се проверуваат сите одбиени пријави, се читаат лицата по име и презиме и основот по кој е одбиена пријавата. По направената проверка, констатира дека Стручната служба добро утврдила дека одбиените лица не ги исполнуваат условите за прифаќање на пријавите. ДИК ќе ги извести веднаш граѓаните за исходот на нивното барање за да можат да постапат, а одбиените лица имаат право да поднесат тужба до Управен суд. Смета дека вака предложените решенија треба да се усвојат.

Стручната служба на ДИК увиде дека е направена техничка грешка во бројот на позитивните решенија и истата е исправена, односно наместо бројот 1944 треба да стои 1292.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде образложение по точката 3 од дневниот ред. Кажа дека на ден 24.03.2014 година за Образецот ИС 1 – Запишување во Избирачкиот список има вкупно 29 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ), за Образецот ИС 2 – Бришење од Избирачкиот список има вкупно 145 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ) и за Образецот ИС 3 – Промени во Избирачкиот список има вкупно 17 решенија (се читаат по ред, по

подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ). Овие решенија треба да се усвојат и со Заклучокот да се достават до Државниот завод за статистика.

Расправата по двете точки од дневниот ред се затвори. Прво се гласаше по Точка 2:Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

Се стави на гласање по Точка 3: Предлог Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии на ден 21.03.2014 година.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 4:**
**Разгледување на дописот од Управата за водење на матични книги во врска со Заклучокот од 75- тата Седница на Државната изборна комисија;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Бедредин Ибраими, Член на ДИК да даде образложение по точката 4 од дневниот ред.
Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека, согласно Заклучокот од 75 – тата Седница на ДИК, Стручната служба на ДИК стапи во службена преписка со Управата за водење на матишните книги, за проверка на умрените лица кои политичката парија СДСМ ги наведе во приговорот дека се во Избирачкиот список. Денес е добиен одговорот и од Управата за водење на матишните книги е констатирано дека 18 лица, по име и презиме се починати, а се во Избирачкиот список. Се констатира дека решението во Изборниот законик, Избирачкиот список да се доставува до политичките партии, помага. По приговорот поднесен од СДСМ , се чисти Избирачкиот список. Предлага ДИК да донесе решение овие лица да бидат избришани од Избирачкиот список, а потоа и од посебниот Избирачки список.

Се отвори расправа по оваа точка. За збор се јавија:
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека е дописот од Управата за водење на матишните книги, стигнат денес попладне на 24.03.2014 година. Ова го кажува поради тоа што сака да го поврзе со пресудата на Управен суд по тужбата на СДСМ. СДСМ поднесе тужба до Управен суд и Управен суд на 23.03.2014 година донесе пресуда дека е тужбата неоснована по сите три основи во кои се и овие умрени лица. Ова е уште еден доказ дека судот полошо од нас одлучува. Судот одлучил без докази, а ДИК денес има докази дека се лицата умрени а се во Избирачкиот список.Судот штуро одлучи и тужбата ја отфрли како неоснована, а ДИК еве има доказ овие лица да ги брише од Избирачкиот список. Смета дека има право да каже дека Управен суд решава без докази.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека околу ова прашање ќе се расправа на утрешната седница.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, смета дека Управен суд правилно ја утврдил фактичката состоба и во образложението е наведено дека во тужбата нема докази и судот решил законски. И ДИК токму заради немање докази побара од Управата за водење на матишните книги докази. Од тие причини Заклучокот на ДИК никако не може да биде паралела на ДИК со одлуката на Управен суд во врска со бришење во Избирачкиот список.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека не сака да се повторува, но во приговорот на СДСМ имаше повеќе од 1000 умрени лица, а сега од Управата за водење на матишните книги има 18 лица кои се починати. Апсолутно никако не може да се прочисти Избирачкиот список, еве и сега некој умира.Не е наше да даваме квалификации на други органи, падури дека работат и полошо од нас. Управен суд добро работи и ДИК добро работи. Бедредин Ибраими предложи да се пушти писмо до Управата за водење на матишните книги и тоа се направи.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека е добро да се врши проверка и ДИК на предлог на СДСМ направи проверка. Но СДСМ кажа дека има 202 умрени лица во Избирачкиот список, а сега се 18 лица. Тој исправно гласал. Пресекот е направен со 2 – ри месец, значи не се работи ни за 7 умрени лица а никако за 202. Добро е што е извршена проверката и ДИК ќе го направи тоа што треба.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека никој не треба да се амнестира, лицата се починати 2008, 2010 и 2012 година, значи од порано. Ова значи дека давањето на Избирачкиот список на партиите е добро законско решение и помага во прочистувањето на Избирачкиот список. Ова е како дополнително после јавниот увид.Повторно предлага ДИК да донесе решение овие 18 лица согласно дописот од Управата за водење на матишните книги да бидат избришани од Избирачкиот список.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека нема лутење кога се дискутира по пресуда донесена од Управен суд. И тие се луѓе и можат да грешат. По пресуда донесена од Управен суд ДИК и овие 18 лица не може да ги брише од Избирачкиот список затоа што се опфатени и овие 18 лица во пресудата. Од Управата за водење на матишните книги има краток допис со ЦД и има печат. Треба допис заверен од архивата. За 18 лица е чисто дека се умрени и ДИК треба да ги избрише, а 6 лица се спорни и за нив дополнително ќе се утврди. Членот 49 – а од Изборниот законик помага да се исчисти Избирачкиот список. Управниот суд кога одлучувал по тужбата на СДСМ зошто за 202 лица не побарал, врз основа на членот 49 – а од Изборниот законик докази од Управата за водење на матишните книги. Ако ДИК не побараше од Управата за водење на матишните книги ќе останеа умрени лица во Избирачкиот список.Затоа се бара од сите служби помош.Добро е што ДИК направи напори за да има прочистен Избирачки список.

- Влатко Сајкоски, член на ДИК, кажа дека е Управниот суд второ степен орган кој ги испитува решенијата на ДИК, а ДИК е прво степен орган.Управен суд после поднесена тужба донел конкретна одлука и ја одбил тужбата. Зошто сега ДИК да расправа по одлука на Управен суд кога е тој повисок орган. Тој смета дека членот 49 – а од Изборниот законик за ДИК не е добро решение. Прави проблеми на ДИК затоа што ДИК нема процедура за решавање по членот 49 – а од Изборниот законик.Местото на членот 49 – а не му е тука и многу се кратки роковите. ДИК не може да коментира пресуда и ако продолжи вака до 13.04.2014 година ДИК нема да има ни Избирачки список ни избори.

- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека ДИК се труди својата работа да ја изработи како треба. Членот 49 – а од Изборниот законик е донесен со консензус и ДИК мора да го применува. Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи само сакаше да објасни што се случува кога Управен суд, работејќи по тужба на СДСМ донел пресуда а не ја утврдил фактичката состојба.Во ДИК се убедувавме дека треба да има докази, а таа велела дека треба да има податоци. За судовите се потребни докази по кои тие исклучиво работат. Се прашува дали овој доказ Управен суд го имал. Не коментира судска одлука, но судот донесе одлука без доказ, а ДИК побара да добие податок од надлежен државен орган.ДИК како највисок орган за спроведување на законити избори ќе постапи законски како

предложи Бедредин Ибраими лицата да бидат избришани затоа што ДИК заклучи податоците од СДСМ да ги достави до Управата за водење на матичните книги: ДИК ќе постапи и предлог е лицата да се избришат од Избирачкиот список за Претседателските избори.

- Анета Стефановска, Член на ДИК кажа дека не е добро кога има медиуми да се злоупотребува говорницата.ДИК не треба да севпушта во расправа за тоа како некој орган работи и зошто Управен суд ваква одлука донел. И ДИК правилно постапи и 18 лица ќе се избришат од Избирачкиот список но утре ќе имало седница па ќе се расправа.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кога кажал дека утре ќе има седница мислел само на тоа дека за ова ќе се каже како информација, а не како ДИК ќе тумачи одлука на Управен суд. Ова нема да биде точка на дневен ред.

Се затвори дискусијата и Предлогот на Бедредин Ибраими, од добиените податоци од Управата за водење на матичните книги за 18 умрени лица да се бришат од Избирачки список, е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Предлогот на Бедредин Ибраими, од добиените податоци од Управата за водење на матичните книги за 18 умрени лица да се бришат од Избирачки список. Ова да биде како Заклучок. Заклучок е составен дел на овој Записник.**

**Точка 5:**

**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Словачка, Амбасадата на Народна Република Кина, Амбасадата на Република Црна Гора, Амбасада на Република Косово, Амбасада на Шведска и Канцеларија за врски на Република Грција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека за овие акредитации имаме од службите дека се во ред барањата и дека е доставена потребната документација. Исполнети се условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Словачка, Амбасадата на Народна Република Кина, Амбасадата на Република Црна Гора, Амбасада на Република Косово, Амбасада на Шведска и Канцеларија за врски на Република Грција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Словачка, Амбасадата на Народна Република Кина, Амбасадата на Република Црна Гора, Амбасада на Република Косово, Амбасада на Шведска и Канцеларија за врски на Република Грција за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**

**Точка 6:**

**Предлог Обрасци за Парламентарните избори 2014 година: Образец број 16, Образец број 21, Образец број 16 гс/1 и Образец број 21 гс/1;**

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, Субхи Јакупи и кажа дека се обрасците уште подобри и појасни од порано. Овие обрасци ги пополнуваат ОИК и ИО. Само при печатењето на истите во печатницата да се нарача да се испечатат со имиња на кандидатите и на носители на листата.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Обрасците за Парламентарните избори 2014 година: Образец број 16, Образец број 21, Образец број 16 гс/1 и Образец број 21 гс/1 се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Обрасците за Парламентарните избори 2014 година: Образец број 16, Образец број 21, Образец број 16 гс/1 и Образец број 21 гс/1.**

**Точка 7:**
**Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**

Претседателотна ДИК, Никола Рилкоски, даде пет минути пауза додека се подготви Секторот за информатичка технологија, технички да се спроведе случајниот избор. Кажа дека е по оваа точка предвидена точката 8: Заклучување на Избирачкиот список за спроведување на изборите за избор на Претседател на Република Македонија. По карактерот и тежината на оваа точка, нејзе и беше местото веднаш по 1 –вата точка на дневен ред. Но ДИК чека пишан материјал од Државниот завод за статистика за да денес конкретно одлучи.Од Државниот завод за статистика добивме предмалку податоци кои што во овој момент не се доволни за да се донесе мериторна одлука. Поради тоа по 7 – та точка седницата ќе се прекине и ќе се продолжи утре. Сите Членови на ДИК се согласија по спроведувањето на случајниот избор Седницата да се прекине и да продолжи утре. Ситеже бидат благовремено известени за продолжетокот на Седницата.

Бедредин Ибраими го водеше случајниот избор. Од редот на јавната и државната администрација избрани се 5 лица на местата на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии, водејќи сметка за половата и етничка припадност на ново избраните лица.

Се констатира дека е завршен случајниот избор.

Седницата се прекина во 17: 16 часот.

На ден 26.03.2014 година продолжи 77- та Седница на ДИК по останатите точки 8 и 9 од дневниот ред.

Продолжението на 77- та Седницата го отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно по останатите точки од дневен ред:

**8.Заклучување на Избирачкиот список за спроведување на изборите за избор на Претседател на Република Македонија и**
**9.Разно**

**Точка 8:**
**Заклучување на Избирачкиот список за спроведување на изборите за избор на Претседател на Република Македонија.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека ДИК врз основа на членот 52 од Изборниот законик на денешната Седница треба да изврши

заклучување на Избирачкиот список за спроведување на изборите за избор на претседател на Република Македонија за 2014 година. Ова се бројките:
1. Вкупен број на избирачи во единствениот избирачки список за Претседателски избори за 2014 година, во Република Македонија изнесува - 1.779.572
2. Посебни изводи на избирачи во Република Македонија кои се наоѓаат во изводите за гласање изнесува - 1.707.228
3. Вкупен број на избирачи кои се на привремена работа или престој во странство изнесува - 70.305
4. Посебни изводи од избирачкиот список за гласање во ДКП односно во конзуларни канцеларии изнесува - 8.332
Изборна единица 7 вкупен број на избирачи – 5.892
Изборна единица 8 вкупен број на избирачи – 1.426
Изборна единица 9 вкупен број на избирачи – 1.014
5. Посебен извод на избирачи кои се членови на избирачки одбори за спроведување на гласање во ДКП и конзуларни канцеларии кои гласаат во ДИК изнесува -294
Посебен извод на избирачи со статус на внатрешно раселени лица изнесува – 39
Посебен извод на избирачи кои се наоѓаат на издржување казна затвор или притвор изнесува -1.706

Во врска со заклучувањето на Избирачкиот список, како материјал ДИК има и Предлог Заклучок кој ќе треба да се усвои. Во ДКП каде што беа предвидени 47 Избирачки места, бидејќи согласно Изборниот законик ако се пријавени помалку од 10 гласачи Избирачките места нема да бидат отворени, согласно оваа одредба 13 Избирачки места нема да бидат отворени а тоа е во:Каиро, Талин, Атина, Солун, Будимпешта, Тел Авив, Варшава, Москав, Мадрид, Киев, Осло, Њу Делхи и Доха. По прифаќање на Предлог Заклучокот ДИК согласно членот 53 од Изборниот законик ќе пристапи кон обработка на Избирачкиот список и истиот ќе биде доставен до Општинските изборни комисии на нивна надлежност.

Се отвори претрес по оваа точка. За збор се јавија Бедредин Ибраими, Член на ДИК и Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кои дадоа појаснување во врска со вкупниот број на избирачи и во Република Македонија и во ДКП. Се повикаа на Методологијата за точноста на Избирачкиот список и Упатството за пријавување и гласање во ДКП кои одлично функционираат. Главно е за ДИК дека нема ништо спорно и дека нема грешки во Избирачкиот список. Се согласија дека е добар Предлог Заклучокот и треба да се усвои како е даден.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски текстот на Предлог Заклучокот за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на изборите за избор на претседател на Република Македонија за 2014 година го стави на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Заклучокот за заклучување на Избирачкиот список за спроведување на изборите за избор на претседател на Република Македонија за 2014 година.Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 9:**
**Разно**

По оваа точка за збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека ДИК денес го заклучи Избирачкиот список и е подготвена со избори.Ова треба да се поврзе со постапката за изгледот на Избирачкиот список и ова треба да имаме на Седница на ДИК , за изгледот на гласачкото ливче.

Никој друг не се јави за дискусија и Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и седмата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**77-та седница на Државната изборна комисија заврши во 13:45 часот.**

**Број** 07-1152/4
28.06.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**